ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

Ул.8-ма Ударна Бригада бр. 14, 1000 Скопје
тел. (02) 55 11 690 (02) 55 11 691
contact@videolottery.mk

Државна видеолотарија на Република Македонија
Друштво за приредување игри на среќа
Касинос Аустриа ДОО
бр. 05-5295/5
06.12. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016) член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018), член 19 од Договорот за основање на Друштвото за приредување игри на среќа Државна Видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје број 02-395/2 од 29.01.2018 година, Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка за прием на уплата на влогови за електронски игри на среќа број 02-2311/2 од 21.05.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка за прием на уплата на влогови за електронски игри на среќа заведен со архивски број 02-2311/4 од 06.12.2019 година и Одлуката за спроведување на постапка за јавен повик за доделување договор за деловна соработка за прием на уплата на влогови за електронски игри на среќа (пречистен текст) број 05-5295/4 од 06.12.2019 година, Државна Видеолотарија на Република Македонија објавува

# ОВТОРЕН ПОВИК ПОВИК БР. 04 - ДСЕ/2019
# ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА ЗА ПРИЕМ НА УПЛАТА НА ВЛОГОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ИГРИ НА СРЕЌА (Пречистен текст)

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Друштвото за приредување игри на среќа Државна Видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје објавува отворен повик за доставување на понуди за доделување на договори за деловна соработка за услуги поврзани со:

- прием на уплата на влоговите и исплата на добивките за различни играчки содржини за електронски игри на среќа освен за игри на ВЛТ апарати;
- административни и сметководствени работи поврзани со уплатата на влогови и исплата на добивки за електронските игри на среќа;
- други работи врзани со уплата на влоговите од игрите на среќа согласно упатствата и насоките дадени од страна на ДВЛМ.

## II.УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

За склучување на договор за деловна соработка со Државната видеолотарија на Република Македонија, Деловниот соработник е потребно да ги исполнуваат општите, техничките и просторните услови согласно овој Повик.

## II.1. Општи услови

Деловниот соработник кој е заинтересиран да склучи Договор за деловна соработка со Државната видеолотарија на Република Македонија потребно е да достави документација како доказ дека ги исполнува следниве општи услови:

- Да е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на трговска дејност;
- Да има правно регулиран начин на користење на деловниот простор (имотен лист односно договор за закуп/подзакуп, заверен на нотар);
- Изјави/Согласност за солемнизација на Договорот за деловна соработка кој ќе треба да се потпише од страна на управителот/ите и солидарните должници (основачите, сопствениците), на свој трошок, со што ќе се гарантира извршување на преземените обврски;
- Да ги има измирено сите даноци, придонеси и други јавни давачки;
- Да нема над него отворена постапка за стечај или ликвидација и
- Со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност.

*Напомена: Горенаведените документи, не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од нотар;*

## II.2 Технички услови

Деловниот соработник кој е заинтересиран да склучи Договор за деловна соработка со Државната видеолотарија на Македонија потребно е да ги исполнува следниве технички услови:

- да поседува свој регистриран фискален апарат на кој ќе го регистрира и прометот остварен од електронските игри на среќа на ДВЛМ;
- да обезбеди персонален компјутер со лиценциран оперативен систем (терминал) на кој е биде инсталиран софтвер за прием на уплати и валидација на добивки од електронските игри на среќа. Деловниот соработник, во соработка со ДВЛМ ќе треба да изврши интеграција на софтверот за прием на уплати за електронски игри на среќа во својот постоечки софтвер или пак овој софтвер ќе функционира самостојно на постоечкиот терминал;
- да обезбеди соодветен број на приклучници за електрична енергија во целост изведени согласно стандардите во Република Македонија;
- во зависност од бројот на различни играчки содржини кои ќе се приредуваат на локацијата да обезбеди еден или повеќе лед/лцд/плазма ТВ со минимална дијагонала на екран 38" (82 цм) и со најмалку еден HDMI приклучок по ТВ апарат а се според упатствата добиени од страна на ДВЛМ;
- да обезбеди интернет конекција со соодветен број на приклучни точки до терминалот и до ТВ апаратот/апаратите и
- да обезбеди мобилен телефон и e-mail адреса за контакт за секоја локација на која ќе се примаат уплати за игрите на среќа;

### II.3 Просторни услови

Правното лице кое е заинтересирано да склучи Договор за деловна соработка со Државната видеолотарија на Македонија е должно да достави адреса и опис на местоположбата и површината на локацијата/локациите (деловниот простор).

Деловниот простор мора задолжително да ги исполнува следниве услови:

- Да има обезбедено доволно простор за функционирање на терминалот за прием на уплати за електронските игри на среќа, согласно законската регулатива која важи во РСМ.
- Деловниот простор мора да поседува надворешна површина од кој деловниот соработник ќе може да отстапи еден дел за поставување на ознаки на препознатливост на Државната Видеолотарија на Република Македонија;
- Во зависност од типот на објектот, деловниот простор треба да има можност за поставување на инфо паноа и рекламни плакати

## III. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите со бараната документација се доставуваат во затворен плик со ознака "НЕ ОТВАРАЈ" и со назнака „За отворен повик за деловна соработка број 04-ДСЕ/2019" Понудата се доставува во 1 (еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на Понудувачот.

Пристигнатите понуди се отвораат без присуство на понудувачите.

Кон Понудата задолжително се доставува:

1. Доказ за правно регулиран начин за користење на деловниот простор (Имотен лист односно Договор за закуп ) заверен на нотар;
2. Документ за регистрирана дејност;
3. Адреса, контакт телефон, електронска адреса;
4. Изјава/Согласност за солемнизација на Договорот за деловна соработка на свој трошок, со што ќе се гарантира извршување на преземените обврски, истата да е дадена од страна на управителот/ите и сопственикот/иците и да е заверена на нотар;
5. Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија;
6. Документ за бонитет од Централен регистар на Република Македонија;
7. Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
8. Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
9. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејност;

Документите (од реден број 5 до реден број 9) кои се приложуваат кон понудата не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци и треба да се достават во оригинал или во нотарски заверена копија.

Доставувањето на понудите се врши во архивата Државна Видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, или преку пошта на адреса на:

*Државна Видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје*
*ул. "8-ма ударна бригада" бр.14, 1000 Скопје.*

Напомена: Нема да биде разгледувана понудата на правно лице за кое ќе се утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема Државната видеолотарија на Македонија како и онаа која содржи некомплетна и неуредна документација.

**ДВЛМ го задржува правото да не склучи Договор со деловниот/те соработник/ци додека не бидат исполнети и/или обезбедени комплетно општите, просторните и техничките услови од овој Отворен повик.**

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИТЕ ПОНУДУВАЧИ

Правата и обврските кои произлегуваат од Отворениот повик ќе бидат дефинирани во Договорот за деловна соработка, меѓу другото, деловниот соработник се обврзува да се грижи за одговорно и професионално спроведување на електронските игри на среќа на ДВЛМ, и да се грижи за опремата која му е ставена на располагање и да не дозволува нејзино оштетување, но сервисирањето, поправањето односно замената на инсталираната опрема е во исклучива надлежност на ДВЛМ.

Деловниот соработник се обврзува веднаш по утврдени неправилности во функционирање или оштетување на опремата да ја извести ДВЛМ односно друго правно лице назначено од ДВЛМ кое е задолжено за тоа.

Деловниот соработник се обврзува веднаш да ја извести ДВЛМ во случај на оштетување на опремата, како и во случај на пожар, кражба или сличен штетен настан.

Начинот на финансиското работење односно приемот и евиденција на примените уплати, извршените исплати и исплата на надоместокот по основ на деловна соработка ќе бидат дефинирани во Договорот за деловна соработка.

Надоместок на деловниот соработник за вршење на работите од точка I од овој Отворен повик ќе биде дефиниран во Договорот за деловна соработка.

## V. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување **на договорот во висина од 5.000 денари по локација за прием на уплата за електронските игри на среќа**, и тоа во рок од 8 (осум) дена од потпишување на договорот со важност од 1 (една) година и 14 (четиринаесет) дена.

Деловниот соработник има обврска да ја обновува банкарската гаранција секоја година, за целото времетраење на Договорот.

Деловниот соработник има обврска да отпочне постапка за обнова на гаранцијата најдоцна 1 (еден) месец пред истекот на активната банкарска гаранција и за тоа да ја извести ДВЛМ.

Доколку Деловниот соработник не ја достави обновената банкарска гаранција најдоцна 14 (четиринаесет) дена пред истекот на активната, ДВЛМ има право да ја наплати активната банкарска гаранција и да го раскине Договорот.

Наместо банкарска гаранција, Деловниот соработник може да депонира средства на трансакциската сметка на ДВЛМ.

**Услов за полноважност на Договорот е обезбедување на банкарска гаранција односно депонирање на средства за да предметниот договор стапи на сила.**

## VI. СОЛЕМНИЗАЦИЈА И ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

Договорот за деловна соработка задолжително се солемнизира на нотар на трошок на деловниот соработник.

Договорот задолжително ќе содржи извршна клаузула – изречна изјава на деловниот соработник (Сопственикот- солидарен должник и управителот на правното лице) дека е согласен врз основа на Договорот кој се заверува кај нотар непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на неизмирените обврски спрема ДВЛМ и другите трошоци и надоместоци определени во Договорот.

## VII. РОК ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

По конечноста на Одлуката за исполнување на условите за деловна соработка, избраниот/те учесник/ци на отворениот повик е/се должен/ни да склучи/ат Договор за деловна соработка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставување на Одлуката и истиот да го солемнизираат кај Нотар.

Договор за деловна соработка ќе се склучи со секој од понудувачите кои ги исполнуваат сите (општи, технички, просторни и финансиски) услови распишани во отворениот повик од страна на ДВЛМ, на неопределено време.

ДВЛМ има дискреционо право самостојно да определи кој вид и обем на електронски игри на среќа ќе ги приредува деловниот соработник и во колку деловни простории.

**Комисија за спроведување на постапка за склучување**
**на договори за деловна соработка**